До
Општина Битола
Сектор за правно – нормативни админстративни и општи работи
Одделение за административни и општи работи Ул. Булевар 1-ви Мај бр.61
7000 Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13-02-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 11-3111 | | |

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

Застапник на барателот на информацијата:

Лице за контакт

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- При постапки за јавна набавка за превоз на ученици во основните и средните училишта, на кој начин комисијата за јавни набавки го спроведува истражувањето на пазарот, како се дефинира кои линии ќе бидат објавени како меѓуопштински/општински линиски а кои како посебен линиски превоз на патници? Дали само имањето, прикачувањето на дозвола за линиски превоз, при поднесување на понуда е клучно, за да се склучи договор за јавна набавка со некој понудувач, во овој случај превозник?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________
______20___ година Потпис,

**Почитувани,**

Иако не сме должни да го образложиме барањето, ќе Ве запознаеме накратко зошто ги бараме овие информации од Вас.

Последните промени во Законот за превоз во патниот сообраќај и тоа додавањето на членовите 22-б и 27-б, кои се однесуваат на превозот на ученици во општинскиот и меѓуопштинскиот превоз, знаеме дека се донесени на иницијатива на Општина Битола и според тоа сметаме дека Вашето толкување и начинот на кој ги применувате во пракса треба да претставува урнек за сите кои објавуваат јавни набавки за превоз на ученици.

Дефинирањето и разграничувањето на посебен линиски и линиски превоз, возните редови, термините на поаѓање и на пристигнување, насоката на движење и попатните станици за нас како економски оператор, превозник кој веќе 30 години практично го применува ЗППС, треба да се клучни за да се одлучи дали некоја релација одговара за примена на членовите 22-б и 27-б, или пак согласно другите одредби од ЗППС релациите ќе бидат дефинирани со потреба за посебен линиски превоз на патници.

Но, нас ни претставува проблем толкувањето на тие два члена, од страна на другите субјекти и присилна примената на истите онаму каде што не е можна. Конкретно Државната комисија за жалби по јавни набавки, подоцна и Управниот Суд па на крајот и ВИШ Управен Суд, сметаат дека само е доволно да се поседува и прикачи дозвола во понудата без притоа да е важно дали одговара на потребите на договорниот орган. Не се внимава ниту на насоката на движење, ниту возниот ред (термини и попатни станици), донесуваат одлуки да се склучат договори со економски оператор кој само имa дозвола и тоа е доволно.
Договорите кои се склучуваат се договори за посебен линиски превоз, во кои никаде не е наведена линијата која била прикачена во понудата, и врз основа на која на сите други економски оператори им биле отфрлени понудите.
Понудите на сите субјектите кои не доставиле дозволи се отфрлаат од почеток без воопшто да се разгледаат, жалбите се одбиваат со образлижение дека не сме доставиле дозвола, а за тоа што на терен се реализира посебен линиски превоз сите се прогласија за ненадлежни.

Како дискриминирани понудувачи во повеќе од 7 постапки, каде се случува истото од страна на ист економски оператор, еден ист адвокат и таа една иста дозвола која се прифаќа од страна на ДКЖЈН во сите правци за сите термини, и кај што има станица и кај што нема, бараме правда пред други надлежни комисии, каде ќе приложиме примери од пракса од други институции и затоа Ве замолуваме за одговор на ова барање.

**Однапред Ви благодариме на одговорот!**
**Со почит!**

**Во 11.02.2023**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Славица Димитровска
Раководител на одделение за јавни набавки

Бр.11-31/2
13.02.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-31/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Примил:
14-02-2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-02-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-31/3 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

*Бр.24-4/2/2023*
*15.02.2023*

***До***

***Цветанка Ристевска***

***Лице за посредување при остварување***
***На пристап до информации од јавен***
***карактер***

## ***ПРЕДМЕТ: Одговор на барање бр. 11-31/2***

***Почитувана,***

***Врска Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Бр. 11-31/2 од 13.02.2023, Ви го доставуваме следното појаснување:***

***Општина Битола спроведува јавна набавка за Превоз на ученици од основното и средното образование. Согласно населеното место на живеење се формираат релации и се врши истражување дали постои Мешуопштински или општински линиски превоз. Истото се прави преку веб странатa на Министерство за транспорт и врски каде што јавно се објавени линиите, возните редови и превозниците кои ги имаат тие лиценци и дозвоили за превоз. Доколку не постои меѓуопштинска линија која одговара во целост(точен возен ред на поаѓање и враќање во двете смени), се спроведува јавна набавка за посебен линиски превоз.***

***Во тендерската документација јасно нагласуваме кој дел е посебен линиски превоз ,а кој е меѓуопштински линиски превоз. Од тие причини утврдуваме различни критериуми за избор, како и начинот на формирањето на цената со осврт на измената на Законот за превоз на патници Сл.весник на РМ бр.163/2018 година.***

„Член 22-б Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од советите на општините и Советот на град Скопје.“.

Член 2 По членот 27-а се додава нов член 27-б, кој гласи: „Член 27-б Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на две или повеќе општини каде што има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, по цени утврдени од превозниците кои не можат да бидат повисоки од цените за останатите патници.“.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

Потполно се согласуваме со Вас дека разграничувањето на посебен и линиски превоз се клучни во постапката за јавна набавка. Истотака возниот ред треба јасно да биде утврден кога децата треба да се земат , вратат и пристигнат на школо.

Дали може да се склучи договор со економски оператор кој има САМО Дозвола НЕ Е возможно. Согласно МАТЕРИЈАЛНИТЕ ПРОПИСИ КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО ПРЕДМЕТОТ ПОНУДУВАЧОТ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ИМА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРЕВОЗ (ПОСЕБЕН, ОПШТИНСКИ ИЛИ МЕЃУОПШТИНСКИ)..

Во врска останатите дилеми кои ги имате погледнете една наша тендерска документација посебно каде е опфатен меѓуопштинскиот и посебниот линиски превоз на ЕСЈН.

*Со почит,*

**Одделение за јавни набавки**
**Раководител**
**Славица Димитровска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 325 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-31/4
16.02.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на подненесено на **13.02.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 При постапки за јавна набавка за превоз на ученици во основните и средните училишта, на кој начин комисијата за јавни набавки го спроведува истражувањето на пазарот, како се дефинира кои линии ќе бидат објавени како меѓуопштински/општински линиски, а кои како посебен линиски превоз на патници? **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-31/1
2. Допис до Одделение за јавни набавки со бр. 11-31/2 од 13.02.2023
3. Одговор од Одделение за јавни набавки со бр. 11-31/3 од 15.02.2023

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 16.02.2023 година, под бр. 11-31/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk